# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

@yahoo.com

Бр. 03-4

Скопје 29.03.2018г.

Предмет: Одговор на претставка

Почитуван,

Во врска со Вашата претставка од 9 март 2018 година, за радио програмскиот сервис што емитува програма на регионално ниво, на подрачјето на Скопје, во која реагирате за емитување стари вести од областа на економијата и за тоа што не му е одземена дозволата поради тоа, Ве информираме за следново:

- Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги радиодифузерите се самостојни и независни во креирањето на програмите и уредувачката политика. Сами одлучуваат кои содржини ќе ги емитуваат и кога.
- Емитувањето стари вести не е основ за одземање на дозволата за радио емитување. Во член 82 од Законот се експлицитно наведени случаите во кои Агенцијата може да одземе дозвола за емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена.
- Бидејќи Агенцијата има сериозен пристап кон сите забелешки за програмите на радиодифузерите, врз основа на Вашата претставка, дополнително ќе го провериме почитувањето на програмскиот концепт за кој е издадена дозволата од страна на ова радио. Со оглед на тоа дека за овој надзор е потребно подолго време, за резултатите од него, ќе можете да се информирате следниов месец на нашата веб страница, каде што ги објавуваме сите извештаи од извршен надзор врз радиодифузерите.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**

**медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Палата Панко Брашнаров**
**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009